Врз основа на одредбите од Статутот на Друштвото за филмски работници на Македонија Скопје, Управниот одбор на Друштвото на xx.xx.2016 година го донесе следниот :

# ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА СЕКТОРИТЕ НА ДРУШТВОТО

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува внатрешната организација на Друштвото, видот и бројот на секторите, нивниот делокруг на работа, начинот на раководење и други прашања поврзани со работата на Секторите на Друштвото.

**Член 2**

Заради подобра координација и професионална застапеност на интересите на правата на специјализираните групи на филмските работници и размена на искуства и заедничко дејствување во областите на својата професионална специјализираност, во Друштвото се основаат 6 сектори како што следи:

1. Сектор на режија;
2. Сектор на продукција;
3. Сектор на сценографија и костимографија и шминка;
4. Сектор на монтажа и тон;
5. Сектор на анимиран филм;
6. Сектор на камера.

## II. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА СЕКТОРИТЕ

### II.1 СЕКТОР НА РЕЖИЈА

**Член 3**

Секторот на режија ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следните функции на Друштвото:

### II.2 СЕКТОР НА ПРОДУКЦИЈА

**Член 4**

Секторот на продукција ги има следните надлежности:

RP

## II.3 СЕКТОР НА СЦЕНОГРАФИЈА И КОСТИМОГРАФИЈА И ШМИНКА

**Член 5**

Надлежности на секторот се:

## II.4 СЕКТОР НА МОНТАЖА И ТОН

**Член 6**

Секторот на монтажа и тон ги има следните надлежности:

## II.5 СЕКТОР НА АНИМИРАН ФИЛМ

**Член 7**

Секторот на анимиран филм ги има следните надлежности:

## II.6 СЕКТОР НА КАМЕРА

**Член 8**

Секторот на камера ги има следните надлежности:

# III. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Одлука за формирање на Сектори на Друштвото ја донесува Собранието на Друштвото.

Организацијата и работата на Секторите се уредува со акти што ги донесува Собранието на Друштвото на предлог на Секторот.

Секторот го сочинуваат филмски работници од исти или приближно исти звања.

**Член 10**

Секторот се состанува најмалку 4 пати годишно, а по потреба и повеќе пати.

На седниците Секторот ја оценува тековната работа, изнесува идеи за унапредување на дејноста и утврдува активности и насоки со цел реализирање на поставените задачи и обврски.

**Член 11**

Секој сектор има Претседател кој е член на Управниот одбор и раководи со работата на секторот.

**Член 12**

Секој сектор има право да предложи член во Верификационата комисија за национален кандидат за наградата Оскар.

Претставник од секој Сектор учествува на седницата на Верификационата комисија со право на глас при избор на национален кандидат за наградата Оскар.

**Член 13**

Секторот е особено должен да се грижи за правата и исполнувањето на обврските на филмските работници кои припаѓаат на тој сектор.

Секторот е должен да изнесува идеи и да предлага активности до Управниот одбор на Друштвото, во врска и со други прашања надвор од дејноста на секторот.

Секторите се должни да остваруваат меѓусебна соработна при продукција на филм кој е финансиран (делумно или целосно) од страна на Агенција за филм на Р.М.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Постапката за измена и дополнување на овој Правилник е иста како постапката за негово донесување.

**Член 15**

Овој Правилник стапува на сила на денот на неговото донесување.

**Претседател на Собрание,**

**Роберт Насков**

Друштво на филмските работници на Република Македонија
Скопје
2